# НАСЛЕДУВАЊЕ И ПРАВО НА НУЖЕН ДЕЛ

едукатор: Маја Маркова

судија на Апелационен суд Скопје

# Основи на наследно-правниот однос

- За да настане наследно правен однос потребно е да бидат исполнети 4 елементи и тоа:

- да настапи смрт на физичко лице-оставител,
- да постои имот или оставина на оставителот,
- да постојат наследници и
- да постои правен основ за наследувањето.

(1) **Првиот елемент** за настанување на наследно-правниот односно е настапување на смрт на физичко лице, што претставува правен факт кој доведува до гасење на субјективните права, но и до пренесување на субјективните имотни права на наследниците.

- Моментот на настапување на смртта, односно точниот ден и час има исклучително битна правна важност, бидејќи тогаш доаѓа до delacija или отварање на наследството и преминување на оставината на наследниците согласно член 127 од Законот за наследување.
- Правната важност на решителниот факт за моментот на смртта е уреден и законски па така во членот 120 став 1 и 2 од Законот за наследување нормирано е дека со смртта на едно лице се отвара неговото наследство, а истото дејство го има и прогласувањето на едно лице за умрено.

(2) Постоењето на имот или оставина на оставителот е **вториот елемент** кој е и најсуштествен елемент бидејќи без постоење на имот на оставителот во моментот на смртта не може да настане наследно правен однос, а со тоа и наследување.

- Што претставува оставина е уредено во член 2 од ЗН според кој да се наследуваат можат предмети и права што им припаѓаат на поединци.
- Со оваа одредба се ограничува правото наследување на предмети и права кои не припаѓаат на поединецот, како што се јавни објект, добра од општа употреба и др, но и имотните права кои имаат личен карактер како лична службеност, побарувања по основ на законско издржување, право на првенство на купување, право на ортаклук односно оние права и обврски кои не можат да се одвојат од личноста кои со губење на субјективитетот на личноста престануваат да постојат.

(3) **Третиот елемент** за настанување на облигационо правните односи е постоење на наследници, бидејќи согласно член 11 од ЗН оставината без наследник и припаѓа на државата.

- Наследници се лицата на кои преминуваат стварите, имотните права и обврските што оставителот ги имал во моментот на смртта.
- Наследници можат да бидат физички и правни лица во смисла на член 122 од ЗН и тоа физичко лице кое е живо во моментот на отворањето на наследството, но и дете зачнато во моментот на отворање на наследството се смета како родено ако се роди живо, додека правно лице може да се јави како наследник само врз основа на тестамент, доколку со одделни прописи нешто друго не е определено.

- За да физичко лице биде наследник покрај неопходниот факт да биде живо или зачнато во мометот на отварање на оставината, потребно е да биде и достојно за наследување во смисла на член 123 од Законот за наследување.
- Недостоен е да наследи, како врз основа на закон така и врз основа на тестамент, како и да добие нешто врз основа на тестамент, лицето кое:

1) со смисленост го лишил од живот оставителот или се обидел да го лиши од живот;
2) со присилба или закана го натерал или со измама го навел оставителот да направи или да го отповика тестаментот или некоја одредба од тестаментот, или го спречил тоа да го стори;
3) го уништил или го сокрил тестаментот од оставителот со намера да спречи да се реализира последната волја на оставителот, како и оној што го фалсификувал тестаментот на оставителот и
4) ја повредил потешко обврската за издршка на оставителот спрема кој имал законска обврска за издршка, како и оној што не сакал да му укаже на оставителот нужна помош.

- За недостојноста судот води сметка по службена должност, освен во случај на повреда на обврската за издршка и неукажување на нужна помош. Недостојноста за наследување претставува имотно-правна санкција за физичкото лице.

- Наследник нема да стане и лице кое е повикано за наследство, но кое дало изјава за откажување од наследувањето. Ова откажување се однесува и на потомците на оној кој се откажал доколку не изјавил изречно дека се откажал само во свое име.
- Изјавата за откажување од наследство и изјавата за примање на наследство не можат да се отповикаат, ниту истата може да биде дадена делумно или условно.
- Меѓутоа, не се смета за откажување од наследство изјавата на наследникот дека откажувањето го врши во корист на определен наследник, туку се смета како за изјава за отстапување на својот наследен дел.

(4) Правниот основ преставува **четвртиот елемент** на наследно-правниот однос кој во нашето законодавство се распределува по правило врз основа на законско наследување, а по исклучок врз основа на тестаментално наследување.

- Да се наследи може врз основа на закон и врз основа на тестамент, член 6 од ЗН.
- Тестаментот е посилен правен основ за наследување во однос на законот, па затоа доколку завештателот оставил тестамент прво ќе се распределеи оставината врз основа на тестамент, а потоа врз основа на закон.
- Се смета дека законското наследување преjудициja претпоставена волjа на завештателот бидеjќи доколку неговата волjа била поинаква имал можност да располага со оставината сочинуваjќи тестамент.

## А) ЗАКОНСКО НАСЛЕДУВАЊЕ

Законското наследување се применува и во други случаи предвидени со закон кога:

1) оставителот не располагал со својот имот mortis causa;

2) оставителот располагал со својот имот со што го повредил нужниот дел на нужните наследници;

3) оставителот располагал со дел од својот имот по пат на тестамент;

4) тестаментот делумно или во целост ќе биде поништен;

5) тестаменталниот наследник ќе умре пред завештателот;

6) тестаменталниот наследник е недостоен за наследување;

7) тестаменталниот наследник нема да го исполни условот предвиден во тестаментот;

8) кога тестаменталниот наследник нема да го доживее предвидениот рок во тестаментот;

9) кога во тестаментот е предвиден само легат;

10) во тестаментот не се предвидени наследници туку други наредби и

11) кога тестаменталниот наследник нема да го прифати наследството.

- Законското наследување е уредено во три законски наследни редови. За законското наследување од решавачко значење се воспоставените односи, како и правата и должностите кои оставителот ги имал со најблиските членови на семејството. Законското наследување вообичаено се однесува на членовите на семејството.
- За определување на кругот на законските наследници од влијание се три факти:

- ***<u>сродството</u>***
- ***<u>брачната врска и</u>***
- ***<u>живеењето во трајна заедница (член 29 став3)</u>***

## ***<u>СРОДСТВОТО</u>***

Сродството претставува правно призната врска меѓу две или повеќе лица која создава права и обврски и може да се јави во вид на *<u>крвно сродство, сродство по посвојување и сродство по сватовство</u>*.

*<u>Крвното сродство</u>* се базира на биолошка крвна врска и е сродство од кое лицата потекнуваат едно од друго или имаат заеднички предок. Крвното сродство може да биде брачно или вонбрачно, при што законодавецот во поглед на наследувањето го изедначил брачното со вонбрачното сродство, член 4 став 1 од ЗН.

*<u>Сродството по посвојување</u>* се заснова со посвојување на малолетно дете и може да биде потполно и непотполно. П*отполното посвојување* е изедначено со крвното сродство и со истото престануваат меѓусебните наследни права на посвоеникот и неговите потомци со неговите крвни роднини, член 4 став 2 од ЗН. Со *непотполното посвојување* помеѓу посвоителот и посвоеникот настануваат односи помеѓу родители и деца. Помеѓу посвоеникот и роднините на посвоителот не настануваат роднински односи и посвоеникот нема никакви права и обврски кон нив.

*Сродството по сватовство* настанува со склучување на брак, со што се засновува правна врска помеѓу едниот брачен другар и крвните роднини на другиот брачен другар. Во кругот на роднини по сватовство спаѓаат зетот и тештата, зетот и тестот, снаата и свекорот и снаата и свекрвата, како и очувот, маќеата и пасторците.

Меѓу овие лица се воспоставува *траен роднински однос,* којшто не престанува ни во случај на престанок на бракот врз основа на кој дошло до воспоставување на сродството по сватовство.

Во нашето наследно право *сродството по сватовство претставува основ за наследување* во рамките на вториот законски наследен ред, под услов овие роднини да живееле во трајна заедница. Според ЗН „чуваникот и хранителот, *посинокот и паштерката* и *очувот и маќеата*, *снаата и свекорот и свекрвата*, *зетот и тестот и тештата* и лица кои се крвни роднини, *кои живееле во трајна заедница*, заемно се наследуваат под услов умрениот да не оставил брачен другар и други наследници од првиот наследен ред и родители и браќа и сестри. Во овој случај овие лица ја наследуваат целата оставина на еднакви делови (чл. 29 ст. 1 од ЗН). Кога на наследство е повикан брачниот партнер и лицата кои живееле во трајна заедница, тогаш тие ја наследуваат на еднакви делови едната половина од делот што би го наследиле родителите, односно браќата и сестрите.

## ***БРАЧНА ВРСКА***

Покрај сродството, и ***брачната врска*** претставува решавачки фактор за определување на кругот на законски наследници и формирањето на законските наследни редови.

Член 6 од Законот за семејство уредува дека бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.

Поаѓајки од цитираната законска одредба произлегува дека со склучувањето на брак се стекнува и правото на законско наследување, при што преживеаниот брачен другар се јавува како законски наследник во првите два законски наследни редови.

Животот во вонбрачна заедница според нашето законодавство не е основ за наследување, поради што вонбрачните партнери не можат меѓусебно законски да се наследуваат.

## ***ЖИВЕЕЊЕ ВО ТРАЈНА ЗАЕДНИЦА***

Лицата кои имаат право на наследување по основ на живеење во трајна заедница, законодавецот таксативно ги набројува во членот 29 од ЗН. Тоа се чуваникот и хранителот, посинокот и паштерката и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и лица кои се крвни роднини.

Чуваник е дете што некое лице (хранител) го довело кај себе да го цува и одгледува како свое, а не го посвоило, член 29 став 4 од ЗН.

Овие лица под услови предвидени со законот наследуваат во рамките на вториот законски наследен ред под услов да живееле во трајна заедница.

Трајна заедница како правен поим е уредена во членот 29 став 3 од ЗН и се подразбира онаа заедница која траела најмалку пет години и тоа непрекинато од нејзиното засновање, па се до смртта на оставителот.

## Законски наследни редови

Нашето законодавство предвидело три законски редови на наследување така што наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.

Согласно член 12 став 1 од ЗН, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.

Овие лица наследуваат според наследни редови, при што наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.

Под одредени услови и на начин определен во овој закон се наследуваат и чуваникот и хранителот, посинокот и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и други лица, под услов да живееле во трајна заедница и умрениот да не оставил брачен другар и други наследници од првиот наследен ред и родители и браќа и сестри.

# Круг на законските наследници

## Наследни редови

Прв наследен ред:

Потомците и брачниот партнер на умрениот

Втор наследен ред:

Родителите и брачниот партнер на умрениот

Трет наследен ред:

Дедовците и бабите на умрениот

## Б) ТЕСТАМЕНТАЛНО НАСЛЕДУВАЊЕ

Согласно член 9 од ЗН е дека завештателот може со тестамент да располага со својот имот на начин определен со овој закон. Тестаментот претставува правна работа-изјава:

- со која завештателот располага со својот имот во случај на смрт (mortis causa);
- во која е изразена еднострана слободна изјава на последна волја;
- која може да се отповика во секое време, во целост или делумно, со изјава дадена во каква и да било форма во која според законот може да се состави тестамент (член 117);
- строго личен акт кој за да има правна сила треба да е составен во строго определена законска форма уредена во член 65 и кој при неговото составување не е дозволено застапување, и акт кој не може да го состави деловно неспособно лице;
- строго формално правно дело које мора да биде составено во законски пропишана форма.

## <u>В) НУЖНО НАСЛЕДУВАЊЕ</u>

- Нужното наследно право е право на нужните наследници на нужен дел од оставината, при што нужни наследници се најблиски роднини на оставителот кои законот им дава право  на нужен дел.
- Нужен дел е одреден дел од оставината на која имаат право нужните наследници по правила и законски прописи кои се спротивни на  законското и тестаменталното наследување. Нужниот дел преставува дел од оставината со која оставителот нема можност по сопствена волја да располага во случај на негова смрт.
- Законските норми за нужно наследување имаат императивен карактер и не можат да се менуваат и наспроти волјата на оставителот. Овие норми се однесуваат само за делот од имотот кој оставителот го остава во моментот на смртта, но и само за располагањата сторени од страна на оставителот со кои располага со својот имот во случај на својата смрт, а со кои повредил права на нужен дела на нужните наследници.

Кругот на нужни наследници е потесен од кругот на законски наследници.
Кај нужното наследување се јавуваат 2 наследни реда.
Нужните наследници се истовремено и законски наследници.

Членот 30 став 1 од ЗН го уредува **првиот круг на нужни наследници** во кои спаѓаат децата на оставителот, неговите посвоеници и неговиот брачен другар. Овие лица влегуваат во кругот на нужни наследници со исполнување само на еден **објективен критериум**, а тоа е сродство односно брачна врска.

Нужниот дел на потомците, посвоениците и нивните потомци и на брачниот другар изнесува една половина од оној дел што на секој наследник би му припаднал според законскиот ред на наследување без оглед на тоа што некој од нужните наследници не бара дел од оставината или пак е исклучен или недостоен да наследи. Кај нужното наследување не се применуваат одредбите за зголемување или намалување на наследниот дел на брачниот другар.

Во **<u>првиот наследен нужен ред</u>** спаѓаат и потомците на децата на оставителот и на неговиот посвоеник но само доколку **покрај објективниот критериум го исполнат и субјективниот критериум** уреден во член 30 став 2 од ЗН, а тоа е ако во моментот на смртта на оставителот живееле во заедница со него или ако тој ги издржувал или ако се трајно неспособни за работа и немаат средства за живот.

При утврдувањето на субјективниот критериум-заедница на живеење потребно е да се напомене дека не е потребно постоење на трајна заедница, доволно е постоење на емотивна врска дополнета со меѓусебно помагање, односно не е потребно постоење на заедничко домаќинство.

Во однос на издршката исто така не е потребно постоење на законска обврска за издржување, доволно е оставителот да го помагал наследникот во моменти кога немал доволно средства за живот, и за задоволување на животните потреби.

Кај нужното законско наследување не се применува правото на претставување и потребно е да бидат исполнети дополнителни субјективни услови за овие лица да можат да се јават како нужни наследници.

Во **вториот нужен наследен ред** спаѓаат родителите на оставителот и неговите браќа и сестри само ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни средства за живот. Брачниот партнер се јавува како нужен наследник како во првиот нужен наследен дел така и во вториот нужен наследен дел, а сето е согласно член 13 и член 16 од ЗН.

Родителите на оставителот и неговите браќа и сестри можат да остварат право на нужен дел само во случај ако ги исполнуваат кумулативно двата услови да се трајно неспособни, што е потребно да биде медицински докажана и да постоела во моментот на смртта на оставителот и да немаат нужни средства за живот.

Нужниот дел на родителите и браќата и сестрите на оставителот изнесува една третина од оној дел што на секој наследник би му припаднал според законскиот ред на налседување.

## Г) Повреда на нужен дел

На правото на нужен дел судот не внимава по службена должност, туку само на изрично барање на нужниот наследник.

Во случај на повреда на правото на нужен дел, наследниците имаат право да бараат обезбедување на нужниот дел со:

- намалување на тестаменталните располагања кои ги сторил оставителот, а доколку тоа не е доволно за обезбедување на нужниот дел се преминува кон
- враќање подароците сторени во последните 90 дена од животот на оставителот.

Законодавецот го уредил и редот на намалување на враќањето во член 39 од ЗН па така прво се намалуваат располагањата со тестаментот, па доколку нужниот дел со тоа не бил намирен, тогаш се враќаат подароците сторени во последните 90 дена од животот.

# Намалување на тестаменталните располагања

Кога е повреден нужниот дел прво се намалуваат располагањата со тестаментот, па доколку нужниот дел со тоа не би бил намирен, тогаш се враќаат подароците сторени во последните 90 дена од животот на оставителот.

При намалување на тестаменталните располагања законодавецот определил дека тестаменталните располагања се намалуваат сразмерно и кога завештателот располагал со повеќе тестаменти. Завештателот може да определи некое од тестаменталните располагања воопшто да не се намали, но во случај да сразмерното намалување на другите тестаментални располагања не е доволно за намирување на нужниот наследен дел, тогаш се пристапува кон намалување и на тој тестамент, согласно член 40 став 1 од ЗН.

Ваков исклучок од законското правило за намалувањето на тестаменталните располагања е предвидено кај привилегираниот легат што е уредено во член 40 став 2 од ЗН според кој ако завештателот оставил повеќе легати и наредил некој легат да се исплати пред другите тој легат ќе се намали само доколку вредноста на другите легати не е доволна да се намири нужниот дел.

## Враќање на подароците

Кога намалувањето на тестаменалните располагања не е доволно за да се обезбеди нужниот дел на нужните наследници, тогаш се преминува кон враќање на подароците. Враќањето на порадоците се врши од последниот даден подарок и оди натаму обратно од редот по кој се дадени подароците, а подароците дадени едновремено се враќаат сразмерно.

Под поимот подарок во смисла на член 34 од ЗН се смета и откажување од права, простување на долг, она што оставителот му го дал на наследникот за време на својот живот на име наследен дел или заради основање или проширување на домаќинството или заради вршење на занимање, како и секое друго располагање без надоместок.

Во случај на враќање на подароците законодавецот предвидува дека процената се врши така што се зема вредноста на подареното добро во моментот на смртта на оставителот а според неговата состојба во време на подарувањето. Овој начин на проценка се применува и при проценувањето на подароците и при засметувањето на подароците на наследникот во наследниот дел.

## Лица овластени да бараат намалување на располагањата со тестамент и враќање на подароците

Намалување на располагањата со тестамент и враќање на подароците сторени во последните 90 дена од животот на оставителот можат да бараат само нужните наследници.

Ваквото право е лично право кое не преминува врз наследниците на нужниот наследник доколку тој не го истакнал ваквото право до крајот на оставинската постапка, но потомок на нужниот наследник кој и самиот би бил нужен наследник доколку неговиот предок умрел пред оставителот, може да го оствари за себе правото на нужен дел по член 30 став 2 од ЗН.

## Застареност на тужбата за намалување на располагањата со тестаментот и враѓање на подароците

Во членот 45 од ЗН се пропишани роковите во кои може да се истакнува право на намалување на располагањата со тестамент и враќање на подароците, а истите се од објективен карактер бидејќи не се врзани од моментот на сознанието на нужниот наследник туку од моментот на некој надворешен настан и тоа во рок од три години од прогласувањето на тестаментот, односно во рок од три години од смртта на оставителот.

Редукција на подарок поради повреда на прваото на нужен дел може да се врши доколку кумулативно се исполнети законските услови дарот да е сторен во последните 90 дена од животот на осатвителот, а тужбата за негово враќање во рок од три години од смртта на осатвителот.

Одредени околности можат да влијаат на течењето на законските рокови за застареност предвидени во член 45 од ЗН. Така поднесување на тужба со која се бара утврдување на ништавност на договорот за подарок, или барање тестаментот да се прогласи за ништовен, го прекинува рокот на застареност, кој почнува одново да тече за нужниот наследник по окончување на спорот за ништавност на договорот.

## Исклучување и лишување од правото на нужен дел

- Исклучувањето на наследник од правото на нужен дел завештателот мора да го стори во тестамент, да го изрази на несомнен начин а корисно е и да ја наведе и причината за исклучувањето, која мора да постои во времето на составувањето на тестаментот.

- Исклучувањето може да биде целосно или делумно и со истото наследникот ги губи наследните права во мерка во која е исклучен, а правата на другите лица кои можат да го наследат оставителот се определуваат како да умрел исклучениот пред оставителот.

- Кога завештателот во целост го исклучил наследникот тој не добива ништо од оставината, додека кога го исклучил делумно тогаш тој го добива само делот кој завештателот го определил во тестаментот.

Исклучувањето од наследство има имотно-правна санкција која е насочена кон наследникот кој има право на нужен дел, а кој со своето однесување се огрешил кон оставителот или неговите блиски роднини.

Причините поради кои завештателот може да го исклучи нужниот наследник од правото на наследување согласно член 46 од ЗН се:

а) потешко се огрешил спрема оставителот со повреда на некоја законска норма или морална обврска и

б) со смисленост сторил некое потешко злодело спрема него или неговиот брачен другар, дете или родител.

**Лишување** од наследство на нужен наследник може да го стори завештателот по услови уредени во закон и под одредени услови.

Услови под кои завештателот може да лиши од наследство нужен наследник се::

- потомокот кој се лишува од неследство да е презадолжен или растурач,
- завештателот да оставил полноважен тестамент,
- да постои правен основ во моментот на лишувањето и
- во моментот на отварањето на наследството лишениот да има малолетно дете или малолетен внук од порано умреното дете кои се неспособни за стопанисување.

Последниот услов е најзначаен бидејќи без негово постоење завештателот не може да го лиши од нужен дел наследникот кој е презадолжен или растурач. Лишувањето од наследство на нужен наследник има за цел превентивна заштита на потомците на нужниот наследник со средства за егзистенција.

# БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО